| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Пролет мила |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Анета Симоновска |
| **Здрави и безбедни навики** | Запознавање на детето со потребата и значењето од редовни прошетки во природа на чист воздух. |
| **Активности** | Излезете на прошетка со Вашето дете. Заедно набљудувајте ја природата и разговарајте за промените кои се случуваат: (сонцето повеќе грее, цветаат првите цвеќиња и др.). Објаснете му на детето зошто природата се менува (затоа што доаѓа годишното време пролет).<br>Запознајте го детето со карактеристиките на пролетта (се враќаат птиците од југ и се слуша нивната песна тревата се раззеленува , цветаат дрвјата и друго).<br>Додека сте надвор можете да направите и вежби за истегнување на телото со имитирање на движењата на животните и инсектите (пчела, пеперутка, птица, куче, мače).<br>На крај може да испеете песна за „Пролет“<br><br>Пролет<br>Пролет мила расцвета, сонцето ни засвети, на<br>зелена ливада, се игра оро весело.<br>Оп,оп да скокнеме и да<br>заплескаме, Тралалалала,<br>лалала.<br>Птичките запеале, пчелките зазујале, на<br>зелена ливада се игра оро весело.<br>Оп,оп да скокнеме... |